**Протокол за комуникација и соработка со родителите на ООУ „Браќа Рамиз-Хамид“ – Шуто Оризари, Скопје, Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година**

- Врз основа на фактот дека училиштето е од суштинско значење за образованието, воспитанието и благосостојбата на учениците, Министерството за образование и наука, донесе одлука за повторно отворање на училиштата во учебната 2020/2021 година.
- За донесување на одлуката за повторно отворање на училиштата направена е општа проценка на постоечките ризици која ги вклучува епидемиолошките фактори, здравствениот систем и капацитетот на јавното здравство, образовниот систем, ангажманот на општината и државниот капацитет за давање на социјална и економска поддршка на најранливите групи.
- Планот на Министерството за образование и наука, за започнување на учебната 2020/2021 година се изработува со цел за постигнување на максимални резултати и придобивки за учениците, наставниците, вработените во училиштето и пошироката заедница. Истовремено, превземајќи ги сите можни мерки да се спречи ширењето на корона вирусот (КОВИД-19) во нашата држава и имајќи во предвид дека едно од основните човекови права покрај образованието е и правото на здравје и здрав живот.
- Овој план детално ги објаснува сите чекори коишто треба да бдат превземени од страна на основните со цел да ги обезбедат потребните мерки за заштита за намалување на ризикот од ширење на корона вирусот (КОВИД-19)
- Планот за одржување на наставата во учебната 2020/2021 година и Протоколот за комуникација и соработка со родителите создаваат рамка за начинот на започнување и продолжување на образовниот процес во основното образование. Во овој период, секое од училиштата потребно е да ги прилагоди условите за реализирање на наставното градиво согласно Планот и Протоколот за обезбедување непречен воспитно-образовен процес со физичко присуство на учениците во училиштето или со учење на далечина.
- Училиштата го прилагодуваат и усогласуват Куќниот ред на училиштето со Планот и Протоколот за одржување на настава со физичко присуство на учениците и за настава со учење на далечина.
- Во основните училишта, воспитно-образовниот процес, за учебната 2020/2021 година, се реализира согласно со Календарот за организација и

работа на училиштата, според скратената наставна програма  согласно со Наставниот план за учебната 2020/2021 година и според Протоколот за настава со физичко присуство

- Според Протоколот  учениците се групираат во група до најмногу 15 ученици и физичка оддалеченост од најмалку 1,5 метар. .
- Наставата во основното образование може да се реализира со физичко присуство на учениците во училница или со учење на далечина.
- Наставниот час трае 30 минути за наставата со физичко присуство и учење од далечина (30 минути час со 5 минути меѓу секој час за приклучување).
- Протоколот за комуникација и соработка со родителите на ООУ „Браќа Рамиз - Хамид“ – Шуто Оризари, Скопје, Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година  е составен врз основа на препораките дадени од страна на Министерството за образование и наука и Комисијата за заразни болести.
- Пренесувањето на информациите и одржувањето на состаноците како и индивидуалните родителски средби со родителите/старателите се одвива преку телефон или преку една од понудените онлајн апликации која што ќе ја договорат родителите, одделенските раководители и наставниците кои предаваат во паралелката.
- Директното пренесување на информации до родителите/старателите, од страна на предметните наставници, првично ќе се одвива преку користење на електронска пошта или преку една од понудените онлајн апликации, а потоа и со користење на директни телефонски повици одобрени од страна на предметните наставници.
- Пренесувањето на соодветни информации од страна на одделенскиот раководител кон родителите/старателите се одвива континуирано и непречено во однапред определен временски период и според определен распоред како од страна на одделенскиот раководител така и од страна на предметните наставници.
- Предметните наставници  меѓусебно споделуваат информации за ученците од паралелката во која предаваат, а по потреба информациите им ги пренесуваат на родителите преку телефон или преку една од понудените онлајн апликации.
- Одделенскиот/класниот раководител ги закажува Родителски средби ииндивидуални средби со родителите/старателите преку некоја од понудените онлајн апликации и ги известуваат родителите за евентуалните промени како и за постигнатиот успех и поведение на учениците.
- Одделенскиот/класниот раководител ги запознава родителите/старателите со Протоколот за постапување на основните училишта  во Република Северна Македонија, за реализација на воспитно-образовниот процес со

физичко присуство на учениците во училиштата во учебната 2020/2021 година, усвоен од страна на Министерството за образование и наука и Комисијата за заразни болести.

- Одделенскиот/класниот раководител ги запознава и известува родителите/старателите со Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија, за реализација на воспитно-образовниот процес, преку одржување на онлајн и настава физичко присуствоза учениците во учебната 2020/2021 година усвоен од страна на Министерството за образование и наука и Комисијата за заразни болести.
- Одделенскиот/класниот раководител ги известува и запознава родителите/старателите со Правилникот за однесување на учениците, наставниците и родителите/старателите (во училиштето и училишниот двор) на ООУ „Браќа Рамиз-Хамид“ – Шуто Оризари, Скопје, Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година.
- Родителите/старателите се должни да го следат успехот и поведението на ученикот преку континуирани и редовни контакти со одделенскиот раководител на паралелката, а по потреба и со предметните наставници како и со стручните соработници во училиштето.
- По завршување на процесот на проверка на знаењата на учениците, одделенскиот раководител преку електронска комуникација го известува родителот за постигнатиот успех на неговото дете утврден на одделенски и наставнички совет. За извршената посета и разговор со родителот/старателот се составува забелешка која уредно се запишува во пишаниот и електронскиот дневник на паралелката.
- Следењето на постигањата на учениците ќе се следи формативно и сумативно
- Формативното оценување опфаќа изработка на проекти, квизови, есејски прашања, мултимедијални презентации, изготвување постери, истражувачки задачи, тестови на знаење, контролни вежби, ученичко е-портфолио
- Сумативното оценување ќе се изведува врз основа на сите формативни оценки и согледувања на наставникот во текот на реализацијата на учењето од далечина за секое тримесечие и полугодие на секој ученик во паралелката (описни оцени за учениците од I - VI и бројчани оцени за учениците од VII-IX) каде наставникот ги внесува во соодветниот Евидентен лист
- Оценките од прво тримесечие, полугодие и трето тримесечие наставникот ги користи за формирање на оценката на крајот на наставната година (описна оценка од I-III одделение и бројчана оценка за учениците од IV-IX одделение)
- Проверката (валидацијата) на знаењата на учениците се реализира со физичко присуство во училиште, на секое тромесечие по однапред утвреден распоред на паралелки, број на ученици во паралелка и времетраење на проверката

- Доколку ученикот кој следи настава со учење на далечина не се вклучи на настава повеќе од пет дена, наставникот со стручната служба во училиштето реализира посета на ученикот во неговиот дом и спроведува разговор со родителот за неопходноста од задолжително и редовно следење на наставата.
- За нередовно присуство на наставата се применуваат педагошките мерки утврдени во Законот за основното образование.
- Ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит/ испит на година по предметите по кои не е оценет, согласно Законот за основното образование.
- Доколку ученикот кој следи настава за завршување на процесот на проверка на знаењата на учениците, одделенскиот раководител по електронски пат го известува родителот/старателот за постигнатиот успех на неговото дете утврден на одделенски и наставнички совет.
- Родителите/старателите се должни континуирано да ги информираат и запознаваат одделенските раководители за сите промени на учениците поврзани со воспитно-образовниот процес како и со нивната здравствена сосотојба преку телефон или преку некоја од понудените онлајн апликации. Секоја новонастаната промена, одделенскиот раководител уредно ја забележува и за истата ги известува предметните наставници.
- Родителите/старателите по потреба или со препорака на одделенскиот раководител или предметниот наставник остваруваат комуникација со стручните соработници во училиштето преку телефон или преку некоја од понудените онлајн апликации и истата уредно се заведува во пишаниот и во електронскиот дневник на паралелката.
- Родителите/старателите по потреба или со препорака на одделенскиот раководител одржуваат комуникација со директорот на училиштето преку телефон или преку една од понудените онлајн апликации.
- Родителите/старателите редовно го известуваат одделенскиот раководител за потешкотиите на кои тие наидуваат во однос на воспитно-образовниот телефон или преку користење на една од понудените онлајн апликации.
- Родителите/старателите на учениците со попреченост, имаат право да одлучат дали нивните деца ќе следат настава со физичко присуство во училиште или ќе следат настава со учење од далечина - од дома.
- Учениците кои имаат потврда од матичен лекар/педијатар дека поради својата здравствена состојба не треба да посетуваат настава со физичко присуство следат настава со учење од далечина.

- Родителите/старателите редовно го известуваат одделенскиот раководител за потешкотиите на кои на кои наидуваат учениците со посебни образовни

потреби во однос на воспитно-образовниот процес по телефон или преку една од понудените онлајн апликации.

- Одделенскиот наставник, редовно, ги известува родителите/старателите за реализацијата на годишната наставна програма за учениците од прво до трето одделение со физичко присуство во просториите на училиштето со максимално искористување на просторните и кадровските капацитети во училиштето и задолжително почитување на епидемиолошките мерки утврдени со Протоколот за настава со физичко присуство и согласност од родителите/старателите на учениците и почитување на мерките за безбедност кои се предложени од Министерството за здравство, Комисијата за заразни болести и Светската Здравствена Организација.
- Одделенскиот наставник може да ги извести родителите/старателите за реализацијата на наставното градиво како и за постигнувањата на учениците за настава за ученици од прво до трето одделение кои ја следат наставата со физичко присуство во просториите на училиштето, и преку директен физички контакт доколку не е загрозена здравствената состојба на наставникот.
- Одделенскиот наставник треба да биде навремено известен од страна на родителот/старателот доколку сака неговото дете да ја следи наставата со учење од далечна со поднесување изјава до училиштето дека ученикот редовно ќе следи настава со учење од далечина и ќе биде редовно присутен на часовите согласно распоредот на часови на паралелката. Известувањето може да се оствари преку телефон или преку некоја од понудените онлајн апликации.
- Училиштето е должно да организира учење на далечина за оние ученици чии родители поднеле изјава до училиштето за следење настава со учење на далечина.
- Одделенскиот наставник ги известува родителите/старателите за учениците од прво до трето одделение за алтернативите за реализација на годишната наставна програма во паралелките во кои има ученици кои следат настава со учење на далечина согласно условите и можностите на наставникот и учениците преку телефон или преку некоја од понудените онлајн апликации. Додека го држи часот за учениците со физичко присуство во училиштето да ги вклучи и учениците кои следат настава од далечина (за што учениците треба да бидат претходно известени) :

  -да го сними реализираниот наставен час и истиот да го испрати на учениците кои следат настава од далечина

  -да изготви печатени материјали кои родителите ги превземаат со претходно договорена средба со наставникот /одделенскиот раководител/образовниот асистент

-да одржи час само за учениците кои следат настава од далечина

Училишен тим за изготвување Протокол за комуникација  и соработка со родителите:

Алвин Салимовски – В.Д. Директор
Валентина Златановска – педагог
Лоренса Демир – психолог
Јован Бошњакоски – помошник директор
Санела Емин – помошник директор
Емир Кадри – специјален едукатор и рехабилитатор
Мирослав Андреевски – предметен наставник по информатика
Виолета Митовска – одделенски наставник
Весна Павловиќ – одделенски наставник
Маја Ничевска – одделенски наставник
Елена Алулоска – предметен наставник по англиски јазик